**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 31 став 2, точка 37 од Изборниот законик на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), а во врска со примената на член 31 став 2 точките 28а, 28ѓ, 30 и 35, став 4, став 7, член 37 став 2 точка 17, член 69-а став 3, член 147, член 148, член 149, член 149-а, член 150 и член 151 од Изборниот законик на Република Македонија, Државната изборна комисија на седницата одржана на 21.07.2017 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ, БР. 08-1321/1 ОД 06.07.2017 ГОДИНА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРИГОВОРИ

Член 1

Во Правилникот, бр. 08-1321/1 од 06.07.2017 година, за начинот и постапката за решавање на приговори, во членот 37 во алинејата 5 по зборот „подносител" се додаваат зборовите „се отфрла на јавна седница со решение на членовите на ДИК со мнозинство гласови од вкупниот број на членови"

Во членот 37, алинејата 6 станува став (2), и се менува и гласи: „Секој приговор кој не содржи евидентирана забелешка во записникот или забелешка поднесена до ОИК во рок од 5 часа согласно член 100 став (5) од Изборниот законик, се одбива како неоснован со мнозинство гласови од вкупниот број на членови."

Член 2

Останатите одредби од Правилникот, бр. 08-1321/1 од 06.07.2017 година, за начинот и постапката за решавање на приговори, остануваат непроменети.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Број 08 - 1321 / 2**
**25 . 07. 2017 год**
**СКОПЈЕ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

*Изработил:*
*Правна служба*

*Одобрил: Добре Јанчев*